**Република Северна Македонија**
**НОТАР**
**Анита Адамческа**
За подрачјето на Основните судови на градот Скопје
Ул. Васил Главинов бр. 3/3-2
10.09.2025 година

Книга за потписите бр. 17 (седумнаесет)
Извод

# ЗАПИСНИК
# ОД СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО

Јас, Нотар Анита Адамческа од Скопје, ул. Васил Главинов бр. 3/3-2, потврдувам дека на 10.09.2025 година, на писмена Покана за водење на Записник од 61- вата Седница на Собрание на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје, бр. 76983/1 од 27.08.2025 година, од Генералниот Секретар на **Шпаркасе Банка АД Скопје**, со седиште на ул. Васил Иљоски бр. 14, Скопје- Центар, ЕМБС 4558669, ЕДБ 4030993261735, г-ѓа Христина Чучурска, во согласност со член 92 од Законот за нотаријат, присуствував на Собрание на акционерите на **Шпаркасе Банка АД Скопје**, како повикан нотар да ги потврди заклучоците и одлуките на Собранието, при што го составив следниот:---------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------**ЗАПИСНИК**------------------------------------------
-------------------------**ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ОДЛУКИ ОД**-------------------------
------------------ **61-вата Седница на Собрание на акционери на**-------------------
---------------------------------**Шпаркасе Банка АД Скопје**------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата се одржа во просториите на **Шпаркасе Банка АД Скопје**, на ул. Васил Иљоски бр. 14, Скопје- Центар и започна како што беше и закажана во 12:00 (дванаесет) часот.-------------------------------------------------------------------------------

Пред почетокот на Седницата на мое барање ми беше приложена:---------------------------

Тековна состојба на Шпаркасе Банка АД Скопје, Ул. Васил Иљоски бр. 14, Скопје- Центар, издадена од ЦРРСМ- РРК Скопје, под бр. 0805-50/150020250333387 на 10.09.2025 година (Прилог).--------------------------------------------------------------------------

Учеството на Седницата е потврдено единствено од мнозинскиот акционер Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Акциенгезелшафт од Грац, Република Австрија (Steiermarkische Bank und Sparkassen Aktiengesellschaft), со Пријава за учество на 61. Седница на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје, заведена под бр. 76933/1, на 27.08.2025 година (Прилог).------------------------------------------------------------

Акционерската книга (Прилог) е издадена од ЦДХВ на РСМ, на ден 10.09.2025 (десетти септември, две илјади дваесет и петта) година, во 08:33:48 часот (осум часот, триесет и три минути, четириесет и осум секунди), со последна состојба на ден 10.09.2025 (десетти септември, две илјади дваесет и петта) година, во 08:30:25 часот (осум часот, триесет минути, дваесет и пет секунди), од која утврдив дека вкупниот номинален капитал изнесува 5.594.758.050,00 МКД (пет милијарди, петстотини деведесет и четири милиони, седумстотини педесет и осум илјади и педесет денари), со номинална вредност од 2.670,00 МКД (два милиони, шестотини и седумдесет илјди денари) по акција, или вкупно 2.095.415 (два милиони, деведесет и пет илјади, четиристотини и петнаесет) обични акции, со право на глас на Собранието.--------------------------------------

Утврдив дека е изготвен Список на акционери на 61- вата Седница на Собрание на акционери на **Шпаркасе Банка АД Скопје** (Прилог), кој одговара на Акционерската книга и по неговата верификација во 12:00 часот (дванаесет часот), утврдив дека на Седницата од вкупно 431 (четиристотини триесет и еден) акционер, кои поседуваат вкупно 2.095.415 (два милиони, деведесет и пет илјади, четиристотини и петнаесет) обични акции, е присутен 1 (еден) акционер, кој поседува вкупно 2.023.216 (два

милиони, дваесет и три илјади, двесте и шеснаесет) обични акции, односно 96,55 % од акциите со право на глас, и тоа Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Акциенгезелшафт од Грац, Република Австрија (Steiermarkische Bank und Sparkassen Aktiengesellschaft), претставувано од полномошник г-ѓа Маја Камчева- Ставрова од Скопје, со уредно Полномошно, заверено од Нотар Д-р Валтер Писк од Грац, Штаерска, Република Австрија, под рег .бр. 527/25, на 25.08.2025 година- Прилог.--------------------------------
Утврдив дека Собранието има кворум за работа во согласност со член 393 став 1 од Законот за трговските друштва.------------------------------------------------------------------------
Седницата ја отвори Претседавачот на претходната 60-та Седница на Годишното Собрание на акционери и полномошник на Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Акциенгезелшафт од Грац, Република Австрија (Steiermarkische Bank und Sparkassen Aktiengesellschaft), г-ѓа Маја Камчева- Ставрова, која ги поздрави присутните и констатираше дека е присутен 1 (еден) акционер, кој поседува вкупно 2.023.216 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте и шеснаесет) обични акции со право на глас, и тоа Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Акциенгезелшафт од Грац, Република Австрија (Steiermarkische Bank und Sparkassen Aktiengesellschaft), претставувано од полномошник г-ѓа Маја Камчева- Ставрова, односно дека е обезбеден кворум за работа со вкупно 2.023.216 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте и шеснаесет) обични акции со право на глас.------------------------------------------------------------------------------
Полномошникот на Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Акциенгезелшафт од Грац, Република Австрија (Steiermarkische Bank und Sparkassen Aktiengesellschaft), г-ѓа Маја Камчева- Ставрова, како полномошник на единствениот присутен акционер, се предложи себеси за Претседавач со 61-вата Седница на Собрание на акционери. Други предлози за избор на Претседавач немаше, па предлогот беше ставен на гласање и едногласно усвоен, односно со 2.023.216 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте и шеснаесет) гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.--------------------------------------
Се констатираше дека за Претседавач на 61-вата Седница на Собрание на акционери на **Шпаркасе Банка АД Скопје**, е избрана г-ѓа Маја Камчева- Ставрова.---------------------
Претседавачот Маја Камчева- Ставрова, веднаш по изборот, истакна дека согласно Законот за трговските друштва, записникот ќе го води присутниот Нотар Анита Адамческа од Скопје.-----------------------------------------------------------------------------------
Понатаму Претседавачот предложи да биде постапено по процедуралниот дел на Дневниот ред, Избор на бројач на гласови и за бројач на гласови ја предложи г-ѓа Христина Чучурска од Скопје. Бидејќи други предлози немаше, предлогот беше ставен на гласање и едногласно усвоен, односно со 2.023.216 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте и шеснаесет) гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема. Гласањето беше јавно и изведено со кревање на рака.-----------------------------------------------------
Се констатираше дека за бројач на гласови е избрана г-ѓа Христина Чучурска.------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
Понатаму Претседавачот Маја Камчева- Ставрова премина кон утврдување на Дневниот ред и констатираше дека во законски предвидениот рок до денот на одржувањето на закажаната 61- ва Седница на Собрание на акционери не се пристигнати други предлози во однос на Дневниот ред, па предложи да биде изгласан предложениот Дневен ред:----------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------**ДНЕВЕН РЕД**------------------------------------------

**1. Избор на претседавач со Собранието, Нотар и бројач на гласови.--------------------**
**2. Разгледување на Записник од 60. седница на Собранието на акционери.------------**
**3. Информација за поднесена оставка од г-ѓа Габриела Шмол, член на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје.---------------------------------------------------------**
**4. Предлог Одлука за именување на член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје.-------------------------------------------------------------------------------------------**
**5. Предлог Одлука за избор на друштво за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 и 2026 година.-----------------------------------------------------------------------------**
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
Нови предлози и дискусија по предложениот дневен ред немаше. Претседавачот го стави на гласање Дневниот ред, кој беше едногласно усвоен, со 2.023.216 (два милиони,

дваесет и три илјади, двесте и шеснаесет), гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.----------------------------------------------------------------------------------------------------
Се констатираше дека предлог Дневниот ред е усвоен.---------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Потоа се пристапи кон **втората точка** од Дневниот ред- **Разгледување на Записник од 60. седница на Собранието на акционери**.------------------------------------------------
Претседавачот Маја Камчева- Ставрова појасни дека Записникот од 60-та Седница на Собранието на акционери, во пропишаниот рок по одржувањето на седницата, уредно е доставен до сите надлежни институции, достапен е на интернет страницата на Шапаркасе Банка АД Скопје за сите акционери и заинтересирани страни. По втората точка немаше дискусија и одлуката беше ставена на гласање.---------------------------------
Гласањето беше јавно и изведено со кревање на рака.-----------------------------------------
Со 2.023.216 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте и шеснаесет), гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема, Претседавачот констатираше дека Записникот од 60-та Седница на Собранието на акционери е разгледан.-------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Во продолжение Претседавачот премина кон **третата точка** од Дневниот ред- **Информација за поднесена оставка од г-ѓа Габриела Шмол, член на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје.**-------------------------------------------------------
Таа образложи дека Членот на Надзорниот одбор г-ѓа Габриела Шмол до Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје има поднесено оставка од функцијата член на Надзорниот одбор на Банката на 15.07.2025 година, во која е наведено дека ќе продолжи да ја извршува функцијата до денот на добивањето на согласност од НБРСМ за новиот член на Надзорниот одбор, кој ќе биде именуван како нејзина замена.----------
Од причина што, согласно член 364 од Законот за трговските друштва, по поднесена оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање, Претседавачот Маја Камчева- Ставрова само констатираше дека Собранието на Шпаркасе Банка АД Скопје, ја разгледа дадената информација за поднесената оставка од г-ѓа Габриела Шмол, како член на Надзорен одбор.------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------
61-та Седница на Собрание на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје продолжи со работа по **четвртата точка** од Дневниот ред- **Предлог Одлука за именување на член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје**.--------------------------------------
Претседавачот Маја Камчева- Ставрова наведе дека претходно разгледаната информација, а во согласност со член 51 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, во случај на предвремено престанување на функцијата на член на Надзорниот одбор, на првата наредна седница на Собранието на Банката се вршат избори за испразнетото место за остатокот на мандатот, за што е потребна и согласност од Народната Банка на Република Северна Македонија. Како кандидат за член на Надзорниот одбор се предлага Ангелика Грајмел- Рехлинг, која во моментот ја извршува функцијата Директор на стратешко управување со ризици во рамки на групацијата Штаермеркише Банк унд Шпаркасен АГ Грац и која е позитивно оценета од страна на Комисијата за наградување и именување и од страна на Надзорниот одбор, како од индивидуален аспект, така и од колективен аспект на Одборот во целост. Мандатот на новоизбраниот член, во случај на замена на член на Надзорен одбор, се определува со Одлука за именување донесена од страна на Собранието на акционери на Банката, имајќи ја во предвид должината на периодот кој преостанува до истекот на мандатот на заменетиот член, односно до 19.11.2028 година.-------------------------------------------------------------
По четвртата точка немаше дискусија и предлог- одлуката беше ставена на гласање.-----
Гласањето беше јавно и изведено со кревање на рака.------------------------------------------
Со 2.023.216 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте и шеснаесет), гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема, Претседавачот констатираше дека следната Предлог Одлука за именување на член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје е усвоена.-------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 29 став 1 точка 8 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на ден 10.09.2025 година, ја донесе следната:--------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------О Д Л У К А--------------------------------------------
---------------------------за именување на член на Надзорниот одбор на-------------------------
-----------------------------------Шпаркасе Банка АД Скопје-----------------------------------------

1. Со оваа Одлука, Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје, ја именува Ангелика Грајмел-Рехлинг за член на Надзорниот одбор на Банката.-------------
2. Ново именуваниот член на Надзорниот одбор ќе го замени постоечкиот член Габриела Шмол, која се повлекува од функцијата.----------------------------------------------
3. Мандатот на членот на Надзорниот одбор од точка 1 на оваа Одлука трае до истекот на мандатот на членот кој се заменува – 19.11.2028 година.------------------------
4. На членовите на Надзорниот одбор им припаѓа надомест за учество и работа на седниците во висина определена со одлука на Собранието на акционери на Банката.-----
5. Оваа Одлука ќе стапи на сила по добивање согласност од Народната Банка на Република Северна Македонија.-----------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа Претседавачот Маја Камчева- Ставрова предложи Седницата да продолжи со работа кон последната **петта точка** од Дневниот ред- **Предлог Одлука за избор на друштво за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 и 2026 година.------------**
Таа наведе дека согласно со Законот за банките на Република Северна Македонија член 89, став 3, точка 22 и член 91, став 9, точка 9, Надзорниот одбор на Банката го одобрува предлогот на Одборот за ревизија за назначување на друштво за ревизија кое ќе ги изготви ревизорските извештаи на Банката за 2025 и 2026 година. Предлогот согласно член 86 став 1 точка 9 од Законот за банки, како и одредбите на Статутот на Банката, се проследува до Собранието на акционери за конечен избор. Во координација и препорака од Групацијата, а имајќи предвид дека Прајсвотерхаус Куперс е Групациски ревизор, за локално ангажирање во Шпаркасе Банка АД Скопје се предлага Прајсвотерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје да биде избран за надворешен ревизор за 2025 и 2026 година. Врз основа на горенаведеното, Надзорниот одбор му предлага на Собранието на акционери на Банката за надворешен ревизор за 2025 и 2026 година да биде избран Прајсвотерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје. Договорот вклучува полугодишен ревизорски ангажман, изготвување на извештај и независно мислење согласно со локалната регулатива, Групациските стандарди и МСФИ.----------------------
Ниту по последната петта точка немаше дискусија и предлог- одлуката беше ставена на гласање. Гласањето беше јавно и изведено со кревање на рака.--------------------------------
Со 2.023.216 (два милиони, дваесет и три илјади, двесте и шеснаесет), гласа ЗА, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема, се констатираше дека следната Предлог Одлука за избор на друштво за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 и 2026 година.------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка АД Скопје на седницата одржана на ден 10.09.2025 година ја донесе следната:------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------О Д Л У К А-------------------------------------------
-----------------за избор на друштво за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје-------------
-------------------------------------------за 2025 и 2026 година---------------------------------------

1. Со оваа Одлука се избира друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, да врши ревизија на единечните и консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 и 2026 година. ----------------------------
2. Меѓусебните права, обврски и одговорности да се уредат со Договор за извршување на ревизија на финансиските извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 година во износ на денарска противвредност од 108.283 еур плус 18% ДДВ, и за 2026 година во износ на денарска противвредност од 104.621 еур плус 18% ДДВ. --------
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со исцрпување на точките од Дневниот ред, 61-та Седница на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје, заврши во 12:10 часот (дванаесет часот и десет минути).---------------------------------------------------------------------------------------

Во согласност со член 92 од Законот за нотаријатот, потврдувам дека овој Записник го водев лично и своерачно и истиот е сочинет на десет страни на десет листа, дека во него запишав се што се случуваше на 61-та Седница на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје, одржана на 10.09.2025 година, дека истиот одговара на фактичката состојба што и Претседавачот го потврди со свој потпис.---------------------

**Претседавач на Собранието:**---------------------------------------------------------------

**Маја Камчева- Ставрова:**----------------------------------------------------------------

**С.Р.**

---------------------------------------------------------------------------------------------------

Од овој Записник, кој е составен на 5 (пет) страни, на 5 (пет) листа, изготвен е еден Изворник со наведените прилози, кој се чува во мојата архива, а на учесникот му се издадени три Изводи.---------------------------------------------------------------------------

Нотарската такса по тарифен број 10 т.7 од Законот за судски такси и чл. 144 од Законот за нотаријат е наплатена, во износ 500,00 денари.-----------------------------------

Нотарската награда согласно член 41, став 1 и член 54, став 1 од НТ, е пресметана во износ од 12.000,00 денари. Трошоци согласно член 52 од НТ, се пресметани во износ од 450,00 денари.-----------------------------------------------------------------------------------

ОДУ бр. 702/25
Скопје, 10.09.2025 година.

**НОТАР**
**Анита Адамческа**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основните судови на градот НОТАР АНИТА АДАМЧЕСКА СКОПЈЕ

Јас, **Нотар Анита Адамческа**, потврдувам дека овој извод **е идентичен со изворникот**.
Овој е **ТРЕТ извод**- потполн- во извадок, кон кого **не се приложени** - се приложени ______ преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ бр. 702/25
Во Скопје, 10.09.2025 година.

НОТАР
Адамческа Анита

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основните судови на градот НОТАР АНИТА АДАМЧЕСКА СКОПЈЕ

| Реден број | Матичен број | Име/Назив | Презиме | Со право на глас | Потпис | % | Присутен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | FN34274d | STEIERMARKISHE BANK UND SPARKASSEN AKTIENGESELSHAFT | | 2.023.216 | | 96,5544 | да |
| | | Број на акции | | 2.023.216 | | | |
| | | Вкупен број на акции | | 2.095.415 | | | |
| | | % | | 96,55 | | | |

| | |
|---|---|
| **ВКУПНО ПРИСУТНИ** | 1 |
| **ВКУПНО ПРИСУТНИ АКЦИИ** | 2.023.216 |
| **ВКУПНО ПРИСУТНИ - ПРОЦЕНТ** | 96,55 |

**Скопје,** 10.9.2025

**Претседавач**

**Нотар**

ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основните судови на градот НОТАР АНИТА АДАМЧЕСКА СКОПЈЕ

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД СКОПЈЕ**
10.9.2025

Согласно Деловникот за работа на Собранието на Шпаркасе Банка АД Скопје, а врз основа на доставените полномошна и списокот на овластени лица на присутните акционерите, се поднесува следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

До денот на поднесување на овој извештај Шпаркасе Банка АД Скопје има вкупно издадено 2.095.415 обични акции.

На 61.седница на Собранието на акционерите на "Шпаркасе Банка АД Скопје" што се одржува на ден 10.09.2025 година присутни се претставници - акционери со вкупно 2.023.216 акции од вкупно 2.095.415 што процентуално изнесува 96,55 со состојба 10.09.2025.

Извештајот се поднесува врз основа на пребројувањата на пријавите и овластувањата што ги поднесоа акционерите на денешното Собрание на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје.

Предлагам Собранието на Шпаркасе Банка АД Скопје да констатира дека 61. седница на Собранието може полноважно да одлучува по точките од дневниот ред.

Нотар
Анита Адамческа

Претседавач на Собрание
Маја Камчева-Ставрова

| | | |
|---|---|---|
| SPARKASSE Bank | СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ | **Бр. 79884/1-4** |
| | | **Датум: 10.09.2025** |
| | | **Стр.** 1/3 |

# О Д Л У К А

**за именување на член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје**

| SPARKASSE Bank | СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ | Бр. 79884/1-4 |
| --- | --- | --- |
| | | Датум: 10.09.2025 |
| | | Стр. 2/3 |

Врз основа на член 29 став 1 точка 8 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на ден 10.09.2025 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за именување на член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје

1. Со оваа Одлука, Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје, ја именува Ангелика Грајмел-Рехлинг за член на Надзорниот одбор на Банката.
2. Ново именуваниот член на Надзорниот одбор ќе го замени постоечкиот член Габриела Шмол, која се повлекува од функцијата.
3. Мандатот на членот на Надзорниот одбор од точка 1 на оваа Одлука трае до истекот на мандатот на членот кој се заменува – 19.11.2028 година.
4. На членовите на Надзорниот одбор им припаѓа надомест за учество и работа на седниците во висина определена со одлука на Собранието на акционери на Банката.
5. Оваа Одлука ќе стапи на сила по добивање согласност од Народната Банка на Република Северна Македонија.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Маја Камчева - Ставрова

ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје

| SPARKASSE Bank | СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ | Бр. 79884/1-4 |
|---|---|---|
| | | Датум: 10.09.2025 |
| | | Стр. 3/3 |

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
**кон Одлуката за именување на член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје**

Согласно Статутот на Банката и Законот за банки, Надзорниот одбор е орган на Банката. Именувањето на членовите на Надзорниот одбор го врши Собранието на Банката со одлука која стапува на сила по добивање на согласност од Народната Банка.

Согласно Статутот на Банката, за предложен кандидат за член на Надзорниот одбор се гласа јавно, а одлуката се смета за донесена ако за неа се изјасниле повеќе од половина од присутните – претставени акционери на седницата на Собранието на Банката.

Законот за банките, Статутот и интерните акти на Шпаркасе Банка ги дефинираат критериумите за соодветност на членовите на Надзорниот одбор. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор на Банката мора да бидат независни членови, исполнувајќи ги законските критериуми за независност. Согласно Статутот на Банката, Надзорниот одбор на Банката се состои од 7 (седум) члена.

Имајќи ја во предвид поднесената оставка од функцијата Член на НО од страна на Габриела Шмол примена во Банката на 15.07.2025 година, отпочната е постапка за именување на нов член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје.

Со оваа Одлука се предлага именување на Ангелика Грајмел-Рехлинг за нов член на НО.

Мандатот на новоизбраниот член, во случај на замена на член на Надзорен одбор, се определува со Одлуката за именување донесена од страна на Собранието на акционери на Банката, имајќи ја во предвид должината на периодот кој преостанува до истекот на мандатот на заменетиот член.

Врз основа на поднесеното барање, примено во Банката на ден 15.07.2025 година, Габриела Шмол ќе се повлече од функцијата член на Надзорниот одбор сметано од денот на добивањето на согласност од НБРСМ за новиот член на Надзорниот одбор кој ќе биде именуван како нејзина замена на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка АД Скопје.

Габриела Шмол ќе биде заменета со Ангелика Грајмел-Рехлинг, која во моментот ја извршува функцијата Директор на стратешко управување со ризици во рамки на Штаермеркише Банк унд Шпаркасен АГ, Грац.

Грајмел-Рехлинг е позитивно оценета од страна на Комисијата за наградување и именување и од страна на Надзорниот одбор, како од индивидуален аспект, така и од колективен аспект на Одборот во целост. Имајќи ги во предвид нејзините професионални искуства, оценета е како соодветен кандидат за член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје.

# О Д Л У К А
## за избор на друштво за ревизија
## на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 и 2026 година

| SPARKASSE Bank | СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ | Бр. 79884/1-5 |
|---|---|---|
| | | Датум: 10.09.2025 |
| | | Стр. 2/3 |

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка АД Скопје на седницата одржана на ден 10.09.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на друштво за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје**
**за 2025 и 2026 година**

1. Со оваа Одлука се избира друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, да врши ревизија на единечните и консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 и 2026 година.
2. Меѓусебните права, обврски и одговорности да се уредат со Договор за извршување на ревизија на финансиските извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 година во износ на денарска противвредност од 108.283 еур плус 18% ДДВ, и за 2026 година во износ на денарска противвредност од 104.621 еур плус 18% ДДВ.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Маја Камчева - Ставрова

ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
**кон Одлуката за избор на друштво за ревизија на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2025 и 2026 година**

Согласно со Законот за банките на Република Северна Македонија член 89 став 3 точка 22 и член 91 став 9 точка 9, Надзорниот одбор на Банката го одобрува предлогот на Одборот за ревизија за назначување на друштво за ревизија кое ќе ги изготви ревизорските извештаи на Банката за 2025 и 2026 година. Предлогот согласно член 86 став 1 точка 9 од Законот за банки (и одредбите на Статутот на Банката) се проследува до Собранието на акционери за конечен избор.

Во координација и препорака од Групацијата, и имајќи предвид дека ПрајсвотерхаусКуперс е Групациски ревизор, за локално ангажирање во Шпаркасе Банка АД Скопје се предлага ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје да биде избран за надворешен ревизор за 2025 и 2026 година.

Врз основа на погореспоменатото, Надзорниот одбор предлага на Собранието на акционери на Банката за надворешен ревизор за 2025 и 2026 година да биде избран ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје.

Договорот вклучува полугодишен ревизорски ангажман, изготвување на извештај и независно мислење согласно со локалната регулатива, Групациските стандарди и МСФИ.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АНИТА
АДАМЧЕСКА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АНИТА
АДАМЧЕСКА
СКОПЈЕ